секое училиште, во секој факултет и во секоја возрасна група. Со години наназад третманот на надарените деца во образовниот систем бил запоставен, односно овој тип на деца биле дискриминирани, не биле соодветно третирани, како од наставниците, така и од целокупниот образовен систем. Надарените ученици имаат потенцијал да станат предводници и лидери и да го движат и забрзуваат развојот на општеството во различни сфери.

**Надарени деца во воспитно – образовниот систем**

Љубопитноста е карактеристика на секое дете. Уште од раното детство децата покажуваат љубопитност за се што ги опкружува. Во предучилишна возраст децата покажуваат најголем интерес за истражување, откривање и разбирање на околината и објектите кои ги опкружуваат. Играта е најспонтана активност преку која децата го запознаваат и разбираат светот кој ги опкружува.

Некои деца уште во најраниот период од нивниот развој покажуваат поголема љубопитност за околината и предметите во неа, побрзо и подобро ги поврзуваат врските меѓу предметите и појавите, причинско-последичните врски меѓу нив, способни се да извршуваат посложени задачи за разлика од нивните врсници. Тие можат работите да ги извршат побргу, поуспешно и подобро од своите врсници и постигнуваат подобри и поголеми постигнувања и поради тоа се нарекуваат надарени деца (Cvetković Lay, Sekulić Majurec, 2008, Bulaja, 2016). Надарените уште во раното детство се поактивни и позаинтересирани за својата средина, многу рано почнуваат да зборуваат, имаат добро помнење, сакаат да ги истражуваат работите околу нив и да манипулираат со нив, побрзо логички резонираат, брзо разбираат и го применуваат тоа што го слушнале, имаат многу развиена фантазија. Подоцна, во училиштето, лесно учат, брзо сфаќаат нови односи, не чекаат готови поими и информации од други.

Важен дел во патот кон успешно остварување на детските потенцијали е раното воочување на знаците во однесувањето кои укажуваат на потенцијална надареност и креативност, како и адекватно поттикнување на развојот и прифаќање на детето со сите негови особини (Cvetković Lay, 2002). За да може детето од најмала да се насочи кон соодветно образование и воспитание важно е уште во најраната возраст да се воочат неговите способности и знаења. На надарените деца треба да им се овозможи да развијат позитивна слика за себе, да им се понуди можност самостојно да се користат со своите вештини, способности и знаења. За таа цел потребно е да постои богата стимулативна средина со интересни содржини кои им се потребни на надарените деца како би можеле да ги изразат своите потенцијали (Bulaja, 2016). Средината има влијание, но за да може надареното дете успешно да функционира голема важност има и сликата што тоа ја има за себе (себедоживувањето). Позитивната слика за себе е основа за самодоверба и чувства на лична компетентност кои се главни двигатели и извор на креативниот стил.

Галагер (Đorđević, B. 1979, Радевска, 2012) вели дека надарените се оние деца кои се способни за високи достигнувања или кои имаат потенцијална способност во некоја од следниве области: Општа интелектуална способност, Специјални академски способности, Творечко или продуктивно мислење, Способност на водство, Способност за визуелни или други уметности, Психо-моторна способност.

Гарднер во својата теорија за мултипла интелигенција набројува седум видови на интелигенција, а тоа се: лингвистичка, логичко–математичка, музичка, тактилно-кинестетичка, специјална, и интраперсонална (Кеверевски, 2000).

Според американскиот психолог Ренцули надареноста е процес на интеракција на три психолошки особини, натпросечна способност, креативност и

мотивација. Од тука можеме да кажеме дека надареноста е уште еден пример со кој се акцентира постоењето на посебните интелектуални способности во различни подрачја и специфични активности, односно нивното постоење е резултат на трите психолошки особини и тоа натпросечните способности кај поединецот, неговиот креативен склоп на особини и неопходноста од соодветно ниво на мотивација (Кеверевски, 2000). Надарените и талентирани деца се откриваат најчесто во раната возраст од страна на семејството и воспитувачот, а подоцна од наставниците, педагозите, психолозите и пошироката социјална околина.

Сепак, надарените деца многу често остануваат незабележани. Постојат многу фактори кои можат да придонесат за да се спречи откривањето на надарените деца, односно тие да останат непрепознаени од страна на општеството, па и од страна на воспитно-образовниот систем.

Некои наставници за талентирани ги сметаат само оние ученици кои редовно ги извршуваат училишните и домашните обврски, од друга страна учениците кои се издвојуваат со некои "необични идеи" остануваат незабележани. Ретко се забележани и оние ученици кои потекнуваат од социјално неразвиените средини, ученици кои допрва го учат јазикот или ученици кои имаат некој вид на инвалидитет. Често се случува кај овие ученици да се посветува внимание на тешкотиите со кои се среќаваат, додека нивниот талент е изоставен.

Потешкотиите на надарените деца во наставниот процес може да потекнуваат и од самата личност. Се случува овие деца задачите да ги завршат брзо но површно, да покажат отпор и да имаат помала мотивација и заинтересираност за завршување на истите бидејќи ги сметаат за многу лесни. Се случува да се однесуваат лидерски, индивидуалистички и да не сакаат да учествуваат во групни активности.

За да се надминат горенаведените потешкотии на надарените деца во образовниот систем и да се овозможи целосен развој на нивниот талент и способност се предложуваат неколку образовни решенија: учење во посебни опкружувања - издвоени одделенија или училиште, забрзано школување без посебна и проширена програма, учење по посебна прилагодена програма, која треба да обезбеди додатни и поинтересни образовни искуства, улогата на училиштето и посебно на наставниците во инклузијата на надарените деца е комплексна. Таа бара почитување на определени принципи, налага посебни педагошки пристапи.

Кога се зборува за инклузијата односно за вклучувањето на децата со посебни потреби во образовниот систем, обично се мисли на децата со попреченост и на децата од социјално загрозените групи, а ретко кога на надарените и талентирани деца. Ова се случува затоа што оваа група на ученици е веќе вклучена во образовниот систем па се поставува прашањето зошто воопшто се зборува за инклузијата.

Воведување на инклузивниот модел на воспитание и образование претставува можеби една од најсериозните и најсеопфатни промени кои им се случуваат на образовните системи во последните дваесетина години бидејќи тоа претпоставува сериозни промени во политиките, културата и праксата на традиционалниот/типичниот модел (Петровска и Рунчева, 2019) Инклузијата во образовниот систем се труди на секое дете да му понуди подеднакви шанси за успех во воспитно – образовниот процес. Со интензивното проучување на литературата се дошло до заклучок дека се повеќе се автори кои сметаат дека под поимот деца со посебни образовни потреби се подразбираат и надарените деца. Посебно кај американските автори е присутен ставот дека воспитанието и образованието на надарените и талентирани деца треба да се разгледува во рамките на специјалното воспитание и образование (Lončar, 2016)

Инклузијата подразбира целата заедница (не само воспитно-образовната установа) да се подготви за воспитание, образование, поддршка, помош на секое дете, па и на оние кои се надарени. Наставниците се клучните актери во процесот на инклузија во воспитно-образовните установи. Суштината на инклузивното воспитание и образование е да се разбере целосната сложеност на улогите на наставникот и да се работи на нивно унапредување. Наставникот во инклузивна средина работи во тим, добро ги познава и применува методите на наставна работа, ги познава карактеристиките на детскиот развој и начинот на на задоволување на нивните потреби (според Hollenweger, 2014 цитиран воSusnjara и др., 2016).

Надарени ученици се уште една категорија на ученици за кои се изработува индивидуален образовен план. Според Поповић, Лазовић и Милосављевић цитирани во Влашковић, надареноста се опишува како квалитет на личноста која освен единствен стил на учење и создавање, подразбира и постоење на интереси и одреден вид на социоемоционални способности. Надареноста често се изедначува со интелигенцијата или талентот, но таа е повеќе од тоа, бидејќи содржи одредени специфичности. (Влашковић, 2020)

Точно е дека талентираните деца се вклучени во процесот на образованието, но како сето тоа се одвива? Многу често нивните потенцијали и способности се такви што ги надминуваат предвидените образовни рамки па и тие бараат специфичен пристап во образовниот систем.

Сепак во однос на минатото во денешното време може да се каже дека под влијание на научните достигнувања за значењето и поттикнување на надареноста и креативноста за развој на општеството- работите се менуваат на подобро. Традиционалното сфаќање дека надарените и креативни поединци секогаш наоѓаат начин да ги реализираат своите потенцији без разлика на надворешните услови кои се нудат во средината во која живеат е ненаучно и надминато. Резултатите од истражувањата во таа област покажуваат дека надареноста и креативноста може да се вежбаат, негуваат и поттикнуваат, со што до оптимално ниво се развиваат потенцијалните таленти и надарени поединци. Во таа смисла училиштето и училишното учење треба да станат важен и развоен фактор на поттикнување и развивање на надареноста и креативноста. Меѓутоа, на денешното училиште се повеќе му се упатуваат приговори дека се повеќе подржува и развива просечност и конформизам во мислењето, наместо да негува и развива оригиналност и различност (Stojaković, 2000: 22)

Од тие причини грижата за надарените ја преземаат бројни здруженија, чија улога се состои не само во нудење на конкретна поддршка на надарените и креативни поединци, туку и во поглед на охрабрување и давање конкретна поддршка на теориската и истражувачка работа во оваа област.

## Фактори за појава на надареноста

*Семејството како фактор за развојот на надареноста*

Во семејството се поставуваат основните темели на емоционалниот и когнитивниот развој, семејството ја детерминира ориентацијата на детето кон иднината, кон поставувањето цели, кон усвојување и градење вредности и кон создавање однос кон традицијата. Семејството учествува во изградувањето на идентитетот на детето, на неговата самопроцена и чувството за компетентност. Во периодот на развој на создавањето на способностите, родителите имаат голема одговорност да создадат поволна околина за учење која ќе има големо значење и поттикнување на мотивацијата, емоционална топлина и стекнување самодоверба,

позитивни ставови кон учењето, образованието и знаењето, интерес за успехот на детето (го следат развојот и резултатите, покажуваат почитување за трудот и успехот на детето, го охрабруваат, коригираат, нудат помош), примена на јасни методи на дисциплинирање.

Постојат многу аргументи зошто растењето во неповолна средина се поврзува со подоцнежната надареност на децата. Во литературата "Надарено дете" авторките В. Арнаудова и Е.А. Лешковска укажуваат на способноста на надарените деца да покажат автономија, односно да бидат независни од влијанијата на неповолната средина. Според други толкувања, децата кои растат во атипични и непожелни околности имаат тенденција да развијат чувство на маргиналност кое резултира во неконвенционално, па дури и оригинално мислење. Овие деца се обидуваат да избегаат од болната ситуација, посветувајќи се на некои невообичаени интереси во кои потполно самостојно се ангажираат.

Позитивната семејна средина укажува на две главни димензии, едната е стимулација од страна на родителите, а другата е нивна поддршка. Од сето ова може да се заклучи дека постои поврзаност помеѓу семејните односи во раното детство и надареноста на индивидуата, односно надарената индивидуа имала или неповолни семејни односи кои успеале да ги надминат, или растеле во многу добра семејна средина која стимулира и поддржува. И во едниот и во другиот случај, карактеристично е тоа што семејството влијае врз развојот на исклучителните способности кај децата со тоа што од една страна им помага на децата да стекнат основни знаења, умеења, способности и вештини, а од друга страна членовите на семејството му ги пренесуваат на детето сопствените вредности и ставови кон учењето, вежбањето и кон постигнувањето успех.

Во фаза на развојот на творечките способности родителите имаат голема одговорност да создадат таква околина за учење и развој која во прв ред ќе потпомогне во развојот на мотивацијата. За тоа е потребно родителите да покажат: емоционална топлина и самодоверба, позитивни ставови спрема учењето, образованието, знаењето, високи очекувања од себе и своите деца, интерес за успехот на детето (го следат развојот и резултатите, покажуваат почит за трудот и успехот на детето, ги охрабруваат, им нудат помош), да применуваат демократски, но јасни методи на дисциплинирање (барањата се во облик на логички објаснувања, доследни во тоа барањата да се почитуваат, мерењето на дисциплината се благи, никогаш нема физичко казнување.

Од специфичните, „образовните" постапки се мисли дека се најефикасни (Кеверевски, 2000):

- читање: честото читање на детето, заедничкото читање и заедничкото пребарување на информации од книги, списанија, мапи, весници; запознавањето со книгите како извор на информации, да се овозмози пристап до книгата;
- разговор: одговарање на прашањата, вклучување на децата во конверзацијта со возрасните за време на заедничките оброци, активности и сл. Активно проширување на детскиот речник, барање синоними и нијанси во значењето, изработување на квалитетни поими кај децата;
- заеднички активности: одење во кино, театар, изложби, зоолошки градини, музеи, спортски приредби – низ разговор, коментирање, ремининсценција и репродукција на доживувањата по доагањето дома, започнување нови активности или интереси врс основа на разработените доживувања и сл

Исто така, ефикасниот родителски ангажман не е само количина на заедничко поминато време, туку стил. Основниот стил на подучување кој е карактеристичен за

родителите на надарените деца е ставање тежиште на иницијативата и активноста на детето. (пр. постепеното учење на читање) (Čudina-Obradović, M., 1991).

*Влијанието на градинката, училиштето и наставникот во развојот на надареноста*

Освен родителите, во текот на развојот на надареноста значајна улога имаат и воспитувачите, учителите, наставниците и општите карактеристики на воспитно – образовните установи.

Задачата на воспитувачите е на надарените деца да им понудат разновидни активности преку кои ќе ги прошируваат своите сознанија и ќе ги задоволуваат своите интереси. Истовремено задача на воспитувачот е на надарените деца да им поставува задачи кои се во согласност со нивните способности., задачи кои ќе ги ангажираат сите негови интелектуални способности и вештини. За да може да ги задоволи потребите на надареното дете, а притоа да ги загрози потребите на останатите деца, воспитувачот мора да користи индивидуализирана форма на работа. Истовремено, треба да развие техника преку која надареното дете ќе го учи на трпение, како и да ги вклучува останатите возрасни во работата со надареното дете (родители, стручна служба) (Cvetković Lay, Sekulić Majurec, 2008, Bulaja, 2016).

Процесите на препознавање и идентификација на надарените ученици во училиштето е од посебен интерес бидејќи од тоа зависи дали надарените ученици ќе бидат правилно третирани во училишната средина, и уште повеќе дали на нив адекватно ќе се одговори, што е особено важно за нивниот иден севкупен развој.

Денес училиштата се соочуваат со најголем предизвик за развој на образовни програми способни да ги задоволат различните образовни потреби на сите ученици. Надарените и талентирани ученици се една група ученици со комплексни образовни потреби. Индивидуализираните програми за нив се еден од начините на кои училиштата можат да се приспособат за да се земат предвид идентификуваните образовни потреби на надарените. Диференцијацијата е неопходна стратегија во инклузивната настава. Диференцирана настава е начин на поучување и учење кој одговара на различни стилови на учење и приспособување за задоволување на индивидуалните потреби на учениците. Изборот на формите и програмата за работа зависат од материјално-техничката опременост на училиштата, но и од професионалните компетенции на наставниците за работа со надарени ученици.

За успешна реализација на работата со надарените ученици наставната практика ја истакнува потребата за определување на неопходните професионални знаења и вештини кои треба да ги поседува наставникот. Наставниците, за да бидат ефикасни во работата со надарените ученици мора постојано да ги развиваат своите компетенции. Компетенциите на наставниците за работа со надарените ученици во класи ги претставил Пловман:

- Препознавање на надарените;
- Знаење за природата и потребите на надарените ученици;
- Искористување на податоците од идентификацијата во планирање на индивидуалната програма за надарените ученици;
- Познавање на соодветни програмски модели за нивна поддршка;
- Знаење и вештини во користење на групна динамика;
- Интерес и обврска за постојано развивање на сопствената ефективност;
- Познавање на законите и правните норми поврзани со грижата на надарените;
- Знаење и вештини за советување на надарените студенти и нивните родители;

- Знаење за современите трендови и извори на воспитанието и образование на надарените (Кеверевски, 2000).

Критериумите за компетентност на наставникот се однесуваат на потребата наставникот да ги препознава особините на надарените ученици, нивните потреби и начини како да ја зголеми сопствената подготовка во наставниот процес за работа со нив. Во овие критериуми се содржани и познавањето на ефикасните програмски модели кои треба да се практикуваат со работа на надарените. Во организираниот систем за поддршка на надарените ученици, наставникот е само една кадровска компонента кон која треба да се додадат и други субјекти во постигнување на заедничката цел. Акцентирана е потребата наставникот да ги следи современите трендови во теоријата и во практиката за работа со надарените ученици со што би ја зголемил сопствената ефикасност. Ако добрите наставници се најдобриот извор во создавање услови за надарените и талентираните, потребно е на едукацијата на наставниците за работа со оваа категорија да се посвети поголемо внимание. Во програмите за нивна обука треба да се посвети внимание да ги разберат потребите на надарените и да се обучат како да ги едуцираат. Тоа може да се постигне преку нивно доусовршување, во рамките на педагошко-психолошко образование, едукација преку семинари, перманентно образование преку користење книги, брошури, прирачници и други извори (Арнаудова, В, Ачковска-Лешковска,Е, 2000)

Бидејќи надарените ученици во многу аспекти се разликуваат од другите ученици, потребно е да се направи правилен избор на форми и програми за едукација на надарените ученици. Во целиот овој процес секако од големо значење е и улогата на родителите, кои треба да бидат соодветно подготвени да создадат поволна околина за учење и соодветен воспитен стил, но и потребата од материјални ресурси кои треба да им ги понудат и овозможат на своите надарени деца.

**Поддршка на надарените и талентираните деца во Македонија**

Поддршката на надарените и талентираните ученици во различни области е една од поставените цели во Законот за основно образование во Македонија (Закон за основно образование консолидиран текст, 2020). За талентираните и надарените ученици во Македонија (на предлог на Бирото) Министерот донесува Концепција за откривање и работа со надарени и талентирани ученици. Препознавањето и идентификацијата на надарените и талентираните ученици, како и мерки за работа со овие ученици и активности за работа со нив се сегменти на кои се посветува внимание во самата концепција.

Присуството на надарени и талентирани ученици во групите во училиштата, бара пружење на соодветна помош од страна на стручните лица на самите наставници, на учениците, како и на родителите.

Прилагодувањето на наставата е потребно како за учениците кои побавно напредуваат, така и за учениците кои побрзо напредуваат. Со прилагодувањето на наставата се постигнуваат бројни и краткорочни и долгорочни резултати и тоа во неколку аспекти: од аспект на наставниците (зголемена автономија во планирањето на наставата), од аспект на наставата (поинтересна), како и од аспект на учениците (поактивни ученици).

Тоа е посебно истакнато во Концепцијата за основно образование од 2021 година (Петроска-Бешка и др. 2021). Овде се истакнува дека надарените и талентираните ученици имаат потреба од прилагодување на наставата согласно нивните индивидуални потенцијали. Ангажирањето на надарените и талентираните ученици преку задавање на посложени задачи, преку вклучување во посериозни

проекти е еден од начините да се задржи интересот и посветеноста на овие ученици во наставата. Друга поддршка која ја обезбедува училиштето за надарените и талентираните ученици е менторската поддршка преку соработка со стручни лица и институции. Подршката која психологот ја дава на надарените ученици е во следниве сегменти: најпрвин психологот креира систем за идентификација, следење и поддршка на надарените ученици во училиштето; развива систем за работа со надарените ученици; потоа психологот реализира работилници и индивидуални консултации со надарените ученици и континуирано го следи напредувањето на надарениот ученик (БРО, 2020).

Добивање на стипендија е друг тип на поддршка која ја добиваат учениците од основните училишта кои освоиле награди на државни и меѓународни натпревари по математика и природни науки (Авагијан, А и др., 2018). За учениците кои покажуваат напредни успеси по одредени предмети законски се предвидени додатни наставни програми, што претставува еден тип на поддршка на надарените ученици (Авагијан, А и др., 2018)

Една од поддршката која ја добиваат наставниците е поддршката од стручните соработници во училиштето. Поддршката која ја добива наставникот од *педагогот и психологот* е во насока: на добивање совети како да се идентификуваат надарените ученици; наставникот заедно со педагогот бара начини да се поттикне мотивирањето на учениците за да земаат учество во бројни активности и натпревари како и за поттикнување на нивните посебни способности (МЦГО и БРО, 2016).

Поддршката која *библиотекарот* може да ја даде на наставниците кога станува збор за работата со надарените деца е во насока на давање на предлог на наставникот или заедно со наставникот да најдат начин за да се развијат посебните способности на надарените ученици, а и да ги мотивираат учениците да земат учество во различни активности како натрпевари и слично. Посебно библиотекарот може да помогне кога станува збор за користењето на книгите. Библитекарот може да им ги покаже на наставниците начините на кои може да им се помогне на учениците во користењето на книгата во самиот процес на учење МЦГО и БРО, 2016

Поддршката која родителите ја добиваат од стручните соработници во училиштето е многу важна. Од големо значење се индивидуалните и групните советување и консултации меѓу родителот со педагогот и психологот. На тој начин им се помага на родителите да ја разберат состојбата на нивното дете и да ја дадат потребната поддршка и помош.

## Заклучок

Класификацијата на децата со посебни потреби е неопходна за успешна инклузија во воспитно - образовниот систем. Во неколкуте класификации на децата со посебни потреби се вбројува и надареноста. Мотивацијата е од големо значење за напредокот во текот на школувањето на надарените. Талентираните и надарени ученици ги има во секое училиште, факултет, во секоја возрасна група.

Раното препознавање на карактеристиките на надарените деца е основа и почетен импулс за создавање стимулативна средина која ќе го поддржи и насочи развојот на детето. Раното препознавање на надарените деца е од посебна важност, како би можеле да го поттикнуваме неговиот развој уште од најмала возраст. За успешна работа со надарените деца важно е постои добра соработка меѓу семејството, градинката или училиштето и стручниот тим, разновидност на содржини и активности, како и соодветни услови за работа во кои би можеле да ја развиваат својата надареност.

Родителите се посебно важни во развојот на надарените деца, бидејќи се примарни фактори во животот на децата, посебно во раната возраст, со нив поминуваат најмногу време. Родителите можат многу рано да забележат дека нивното дете е поразлично во однос на однесувањето на другите деца. Со оглед на тоа дека тие учат побрзо и полесно од просечните деца па затоа им е потребно поширок опсег на активност од вообичаено. Освен семејството, важен фактор за развојот на надареноста е и влијанието на воспитно - образовниот систем во општеството, тука спаѓаат, предучилишните установи, училиштата, наставникот. Наставникот се јавува како носител на работата со надарените ученици. Тој ја создава атмосферата која е погодна за развивање на надареноста, поставувањето на наставникот како родител е важна улога која придонесува да се воспостави емоционални, социјални и мотивациони елементи за развој на надареноста, наставник – едукатор е ориентиран кон образованието на надарените, наставата ја води преку однапред испланирана програма, наставникот - ментор е неопходен за работата со овие ученици.

Во последните години, во Македонија, се започнати сериозни чекори во спроведувањето на инклузијата на децата со посебни образовни потреби. Остварувањето на поставените цели кои ги носи инклузијата воопшто не е лесно, едноставно и брзо. Поновите истражувања и литература покажуваат на започната едукација на кадарот во делот на инклузијата, на поголемо вклучување на децата со посебни потреби во образовниот систем, но од друга страна навистина сиромашни се податоците за работата со надарените и талентираните деца (кои исто така се дел од децата со посебни потреби) во инклузивниот контекст. Потешкотиите кои во истражувањата ги посочуваат воспитувачите, наставниците, стручните кадри (кога ќе се спомне инклузијата) се насочени кон децата со потешкотии (можеби поради досегашната неедуцираност на наставниот кадар од редовните групи за работа со деца со одредени потешкотии), додека надарените и талентираните деца остануваат видливи главно преку некои натпревари, конкурси и слично. Наставниците имаат сериозна потреба од помош кога станува збор за инклузијата (и при работата со деца со потешкотии и при работата со надарени деца), постојат бројни пречки бариери кои треба да бидат отргнати за да може да се постигне успех кај наведените групи. И едните и другите заслужуваат внимание, заслужуваат да бидат мотивирани, охрабрени да се извлече најдоброто од нив и само тогаш може да го достигнат својот најголем успех (важен и за себе и за општеството)

Надареното и талентирано дете е дар кој треба да се почитува, негува и развива, а задача на образовниот систем е да го исполни токму ова.

## Користена литература


Авагијан, А и др. (2018). Стратегија за образованието за 2018-2025 година и Акциски план, Скопје: МОН.

Арнаудова, В, Ачковска-Лешковска, Е. (2000), Надарено дете. Скопје: Филозофски факултет

Bulaja, A. (2016). *Darovitost* (Završni rad). Preuzeto s https://urn.nsk.hr/urn:nbn:hr:147:776923

БРО. (2020). Правилник за основните професионални компетенции по подрачја на стручниот соработник во основните и средните училишта https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2020/08/Pravilnik-za-osnovni_kompetencii_strucen_sorabotnik_13_02_2020.pdf

Cvetković Lay, J. (2002). Ja hoću i mogu više, Priručnik za odgoj darovite djece od 3 do 8 godina. Zagreb: Alinea

Cvetković Lay, J., Sekulić Majurec, A. (2008). *Darovito je što ću s njim?* Priručnik za odgoj i obrazovanje darovite djece predškolske dobi. Zagreb: Alinea

Кевереcки, Љ. (2000) Како да ги препознаеме надарените и талентираните ученици, Скопје: НИРО Просветен работник.

Lončar, M (2016) Inkluzija kao mogućnost rada s nadarenom djecom, Filozofski fakultet, Sveučilište Josipa Jurja Strossmayera u Osijeku

МЦГО и БРО (2016). ОСНОВНИ професионални компетенции и стандарди за стручни соработници. - Скопје : Македонски центар за граѓанско образование (МЦГО)

Малчески, Р., Малческа, Ц. (2009), Работа со надарени деца, Скопје

Petrovska, S. (2009) Education of the gifted and talented. Зборник на трудови, Прва интернационална конференција - Надарените и талентираните креатори на прогресот (теорија и пракса), 16-17 Oct 2009, Ohrid, Macedonia, 2 (1). pp. 182-190.

Петровска С. и Рунчева Ј. (2019), Основи на инклузивното образование, УГД

Петроска-Бешка, В. и др. (2021). Концепција за основно образование, Скопје: МОН

Радевска, Н. (2012) *Модели на педагошко водење на надарените ученици во основното училиште* (докторска дисертација), Филозофски факултет, Универзитет „СВ. Кирил и Методиј“, Скопје

Stojaković, P., (2000) *Darovitost i kreativnost*, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva Republike Srpske Srpsko Sarajevo

Susnjara, S. (2016) Inkluzivni odgoj i obrazovanje - šansa za učenike koji su daroviti, Suvremeni pristup odgoju i obrazovanju darovite djece i učenika. Преземено на 16 април 2022 https://www.academia.edu/32582467/Inkluzivni_odgoj_i_obrazovanje_%C5%A1ansa_za_u%C4%8Denike_koji_su_daroviti

Влашковић, М. (2020). Статус инклузивног образовања у образовној пракси и научној периодици. Преземено на 12 мај 2022 година од http://www.ftn.kg.ac.rs/download/SIR/SIR%20Milica%20Vla%C5%A1kovi%C4%87%201432015.pdf

Čudina-Obradović, M. (1991), Nadarenost: razumijevanje, prepoznavanje, razvijanje, Zagreb: Školska knjiga

Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20) https://mon.gov.mk/stored/document/Zakon%20za%20osnovnoto%20obrazovanie%20-%20nov_1.pdf

https://ivypanda.com/essays/inclusion-of-gifted-and-talented-in-regular-classroom-essay/
https://www.davidsongifted.org/search-database/entry/a10169
https://www.researchgate.net/publication/275544250_Teaching_Gifted_Children_in_Regular_Classroom_in_the_USA